Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 137/0306
25.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Викторија Атанасовска го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „Уапсен скопјанец кој со пиштол и се заканувал на сопругата“, објавен на 14 април 2023 на интернет-порталот на ТВ Сител (sitel.com.mk), отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 14 април 2023 година, Викторија Атанасовска поднесе жалба за содржина со наслов „ Уапсен скопјанец кој со пиштол и се заканувал на сопругата“, објавена на 14 април 2023 на интернет-порталот на ТВ Сител (sitel.com.mk). Во жалбата се наведува дека во содржината се прекршени членовите 1, 5 и 9 од Кодексот, односно има прекршувања по основ на неточно и нефер известување, мешање на факти и мислење, вест и коментар и нарушување на приватноста.

Во жалбата се наведува дека информацијата е лажна, како сведок на настанот, лицето не било лишено од слобода ниту пак се употребило огнено оружје, и плус дека е нарушена приватноста на семејството, и жалителот моли да се избрише веста во оспорената содржина.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, стапи во контакт со ТВ Сител и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека има прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 26 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека во случајов станува збор за информација која нема наведено извор  и со тоа е прекршен кодексот на новинари каде е нотирано:

„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk  info@semm.mk  (02) 3222-595

потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.“
Во контекст на членот 1, а според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, членот 1.1. предвидува: Онлајн медиумите ќе известуваат само врз основа на факти чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило, потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори.

Во истиот контекст, членот 1.3 предвидува: „Онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда. Фотомонтажите, обработените фотографии или други интервенции во автентични документи мора да се јасно разграничени од оригиналот и означени како такви со соодветен текст.“, членот 1.4 предвидува: „Онлајн медиумите нема да објавуваат неосновани обвинувања, клевети, гласини, измислени интервјуа, анонимни дописи и други информации чија кредибилност не може да се процени.“ и членот 1.5: „ Онлајн медиумите ќе настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор.“

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595